# 212. ДЕЈ ГИДИ СТОЈНЕ УБАВА




Деј гиди Стојне убава,
дал беше сношти на вода,
на погорното кладенче,
на погорното изворче.
Каде врвеше грееше,
како палена борина,
како јасна месечина. /2

Отидов уште погоре,
там најдов грутка снегова,
на грутка велам говорам. /2
Топи се грутка снегова,
како се топи млад јунак,
како крајчин Стојна убава.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995